Коментари кон Предложениот Закон за судска служба

Сакаме да напоменеме дека секојдневно се повеќе вработени ИТ лица во судовите ги напуштаат работните места поради неконкурентноста на платите на оваа категорија вработени во судовите со платите во приватните ИТ компании. Со тоа дополнително се оптеретува постоечкиот кадар со се поголемо зголемување на обврските и одговорностите на ИТ лицата кои остануваат во институциите.

Исто така на објавените јавни огласи за овие позиции во поголем дел од судовите веќе подолг временски период не се јавува ниту еден кандидат (поради неатрактивните плати), па се соочуваме со сега веќе трајно испразнување на работните места. Постојат институции во судството кои веќе немаат ниту едно вработено ИТ лице. Без ИТ лица компјутерскиот систем во судовите неможе да функционира.

Оваа состојба која трае веќе подолг период е исто така констатирана и во делот I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ во предлогот на ЗСС каде е истакнато:

> **„ Информатичарите немаат соодветен систем на вреднување и не се прилагодени на категоријата каде што треба да се организираат како посебна информатичка служба. Од овие причини во судовите нема заинтересирани лица за да се пријават на работните места-информатичари и во дел од судовите лица со средно образование ги извршуваат работните задачи, а тоа доведува до ризик во однос на функционалноста на АКМИС системот.“**

Со оваа оценка се точно констатирани недостатоците во врска со информатичарите во судовите од страна на прелагачот на законот, но сепак во овој предлог закон не само што не се нуди никакво решение за подобрување на состојбата на информатичарите туку и дополнително се влошува со дискриминаторското намалувањето на платите преку предложените уназадени коефициенти во однос на останатите судски службеници од истите нивоа.

Бидејќи нашите предлози за дефинирање на поинаков систем на организирање на ИТ лицата во судовите како посебна информатичка служба со посебни работни места и вреднување на истите, во неколку наврати беа одбивани, затоа доставуваме предлог за дополнителен додаток за ИТ лицата како еден стимул за задржување на постоечкиот и привлекување на нов ИТ кадар. Односно, предлагаме да се додаде нов член 71-а:

**„Додаток на плата за задржување на ИТ кадар**

Член 71-а

(1) Заради задржување на квалитетни стручни кадри во областа на информатиката, а кои се дефицитарни во Република Северна Македонија, се утврдува додаток на плата за задржување на ИТ кадар за сите нивоа на работни места на ИТ лица во износ од 30% од основната плата на ИТ лицето.

(2) Додатокот на плата од ставот (1) на овој член не се исклучува со додатоците на плата од членовите 71 - 73.

(3) Додаток на плата за задржување на ИТ кадар од ставот (1) од овој член е задолжителен и независен од додатоците од членовите 71 - 73 и не се носат посебни решенија за негова исплата.“

Дополнително даваме мислење во врска со неколку членови кои сметаме дека треба да се корегираат:

Имено, во член-69 се утврдуваат коефициентите на сложеност на работните места на крајно дискриминирачки начин, сите работни места кои содржат „судски“ во звањето ИМААТ ПОВИСОКИ КОЕФИЦИЕНТИ од соодветните работни места кои не го содржат истиот.

Извадок од овој член:

„-Б4-раководен судски службеник од четврто ниво со звање раководител на судски оддел и раководител на судско одделение (300 ЕКТС), коефициент 1.43 ;

-Б4-раководен судски службеник од четврто ниво со звање раководител на оддел и раководител одделение (240 ЕКТС), коефициент 1.39;

-В1-стручен судски службеник од прво ниво со звање виш судски советник и судски советник (300 ЕКТС) , коефициент 1.36;

-В1-судски службеник од прво ниво со звање советник (240 ЕКТС), коефициент 1.32;

-В2- стручен судски службеник од второ ниво со звање виш судски соработник (300 ЕКТС), коефициент 1.32;

-В2- судски службеник од второ ниво со звање виш соработник (240 ЕКТС), коефициент 1.28;

-В3- стручен судски службеник од трето ниво со звање судски соработник (300 ЕКТС), коефициент 1.30;

В3- судски службеник од трето ниво со звање соработник (240 ЕКТС), коефициент 1.26;

-В4-стручен судски службеник од четврто ниво со звање помлад судски соработник и помлад соработник, (240 ЕКТС, односно 180 ЕКТС), коефициент 1.24;“

Навидум ова е заради 300 или 240 ЕКТС, но во реалноста и оние судски раководители/советници/соработници кои имаат VII/1 степен на образование ќе имаат повисоки коефициенти од останатите раководители/советници/соработници (кои не се судски) кои имаат VII/1 степен на образование и се на исто ниво на работно место со нив. Дополнително се изедначени различни звања на исти коефициенти „ раководител на судски оддел и раководител на судско одделение“, „ виш судски советник и судски советник“...

Ова е безобзирно дискриминирање и е спротивно од начелото за еднаквост на звањата во јавниот сектор и со Законот за административни службеници, каде работните места на исто ниво имаат исти коефициенти. Сметаме дека секое работно место во судовите си има своја посебна одговорност, и сите работни места на исто ниво треба да имаат ист коефициент.

Дополнително, во членовите 9,11,12... има предвидено В1 – виш судски советник, а нема предвидено В1 – виш советник.

Ште се однесува до додатоците на плата, во новиот член-73 **Додаток на плата заради задржување на судските службеници**, за 10% додаток потребно е исполнување на 4 од наведените услови, и уште по 4% за исполнување на секој нареден услов, што со оглед на видот на условите е речиси невозможно да биде исполнето. Значи во реални услови овие додатоци нема да се исплаќаат.

Доколку се повикуваме на Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на

додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите, Сл.в. 44 од 26.02.2025, во неа има исполнување на 4 услови за 30% додатоци, а во предлогот на ЗСС исфрлени се 5 клучни услови кои се однесуваат на работата на судските службеници кои не работат со судски предмети како ИТ лицата, Сметководители и др., а тоа се:

„- постојана достапност на вработениот на секретарот, односно раководното лице на буџетскиот корисник, единката корисник и фондот или на непосредно ретпоставениот;
- подготовка на стратешки документи, анализи и извештаи од сложен карактер од надлежност на буџетскиот корисник, единката корисник и фондот;
- значително зголемен обем на работни задачи поради недоволен број на вработени и одлив на кадар во организационата единица;
- извршување на работни задачи кои произлегуваат од проектни активности во организационата единица;
- квалитетно давање на услуги кон граѓаните и бизнисот;“

Предлагаме доколку овај член член-73 **Додаток на плата заради задржување на судските службеници** остане во сила, дополнително да се додадат **сите** критериуми од погоре споменатата уредба.

**За крај, сакаме да напоменеме дека како голем недостаток при изработката на Предлог законот го сметаме тоа што во работната група не учествуваше по еден претставник од сите профили на вработени во судовите (ИТ, Сметководство, Судска писарница, Односи со јавност ....), како би дале свој придонес во изработка на поквалитетет закон преку посочување на проблемите со кои се соочуваат во секојдневното работење.**

Група Информатичари од судовите во
Република Северна Македонија